Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 60, 16 мај 2011 година

мај 2011 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно- научната област електротехника на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент од областа транспортна механизација на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент во наставно-научната област енологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент во областа машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области електротехника и електромашинство на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент/ вонреден професор за наставно-научната област стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент/помлад асистент за подрачјето биотехнологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област дизајнирање на текстил и облека - на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно - научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 44

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум по основи на природните науки за одделенска настава“ од д-р Снежана Ставрева-Веселиновска и асистент Милена Ѓокиќ, Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 60

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ/ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СТОМАТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” на својата 41. седница, одржана на 25.1.2011 година, донесе Одлука бр. 2502-148/27 за распишување Конкурс за еден наставник во насловно звање ***доцент/вонреден професор*** за наставно-научното подрачје стоматологија на Факултетот за медицински науки. На 16.2.2011 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-31/11 за формирање на Рецензентска комисија и Решение број 2502-31/17 претседател, број 2501-31/18 член и број 2502-31/19 член за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје стоматологија на Факултетот за медицински науки во следниов состав:

- проф. д-р Драгољуб Велески, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, вработен на Клиниката за мобилна протетика, ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон” во Скопје;
- доц. д-р Цена Димова, доцент, подрачје стоматологија, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
- доц. д-р Никола Гиговски, насловен доцент, вработен на Клиниката за фиксна протетика, ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон” во Скопје.

Конкурсот беше објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм” на 4.2.2011 година. На Конкурсот се пријави **д-р Весна Коруноска-Стевковска,** насловен доцент по предметот Стоматолошка протетика при Стоматолошкиот факултет во Скопје, вработена на Клиниката за стоматолошка фиксна протетика, ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон” во Скопје.

Врз основа на пријавата и доставенета документација и по нивното разгледување, Рецензентската комисија го достави следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот, кој беше објавен на 4.2.2011 година, за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” се пријави кандидатката **д-р Весна Коруноска-Стевковска**:

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Весна Коруноска-Стевковска** е родена на 30 март 1963 година во Скопје. Основно училиште и гимназија завршува во Скопје, со одличен успех.

На Стоматолошкиот факултет се запишува во 1981 година, а го завршува во предвиденото време, со просечен успех 9,18. За време на студиите користи стипендија за талентирани студенти од Републичката заедница за насочено образование. По завршувањето на четвртата година, еден месец е на студиски престој на Стоматолошката клиника во Билбао, Шпанија. Во петтата година од студиите учествува на Студентски конгрес на студентите по медицина и стоматологија во Тузла. За време на студиите е активна и во организацијата на студентската младина.

Во 1986 година, веднаш по дипломирањето, се запишува на постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет по предметот Стоматолошка протетика. Истовремено волонтира на Клиниката и го извршува лекарскиот стаж.

На 1 јуни 1989 година е примена како клинички лекар на Клиниката за фиксна стоматолошка протетика. Во јануари 1990 година пријавува магистерска теза со наслов

*„Рендгенкраниометриска процена за промена на вертикалната димензија кај пациенти со тотални протези"*.

Во 1991 година е избрана за помлад асистент по предметот Стоматолошка фиксна протетика. Со одбраната на магистерскиот труд, на 20 април 1993 година се здобива со звање **магистер по стоматолошки науки.**

Во 1994 година е избрана во звање асистент по предметот Фиксна стоматолошка протетика, а преизборите следувале во 1997 и 2003 година.

Специјалистичкиот испит по предметот Стоматолошка протетика го положува во 1994 година, со што се здобива со звање **специјалист по стоматолошка протетика.**

Во текот на на својата стручна и научна работа, посебен интерес покажува во полето на оклузијата на протетичките конструкции, од каде што произлегува и изборот на тема за докторска дисертација.

Во јуни 2001 година пријавува тема за докторска дисертација со наслов „T-Scan II компјутерска анализа на оклузална контакти кај пациенти со фикснопротетички изработки". Со одбраната на докторската теза, на 29 март 2007 година се здобива со звање **доктор по стоматолошки науки.**

Од 2007 година сè до изборот за насловен доцент во октомври 2008 година е член на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, како претставник од асистентите.

Се служи со англискиот и германскиот јазик.

***Награди и признанија***

За својата активност во 1995 година е добитник на диплома, во 1996 година на благодарница, а во 2000 година на плакета, сите од Македонското лекарско друштво. Добитник е на благодарница во 1999 година од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, по повод 40-годишнината од основањето на Стоматолошкиот факултет. Во 2009 година е добитник на пофалница, по повод јубилејот 50 години постоење на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

***Наставно-образовна дејност***

Од вработувањето како клинички лекар на Клиниката за стоматолошка фиксна протетика е вклучена во изведувањето на практичната настава за студентите на Стоматолошкиот факултет, по предметите Претклиничка фиксна протетика и Клинична фиксна протетика. Од изборот за помлад асистент во 1991 година до 2010 година активно учествува во едукативниот процес преку самостојно изведување на вежбите по истите предмети.

Со формирањето на Високата школа за забни техничари, од 2002 година до 2010 година учествува во едукативниот процес преку самостојно изведување на вежбите и на следниве предмети: Технологија на забните фиксни и мобилни протези, Стоматолошка керамика, Технологија на фиксни протези (коронки), Технологија на фиксни протези (мостови) и предметот Заботехнички апарати и инструменти.

При измените на наставната програма и воведување на писмен дел од испитите, д-р Весна Коруноска-Стевковска учествува во изготвување на прашања за писмениот дел од испитот по предметот Претклиничка фиксна протетика, учествувајќи во создавањето на база на испитни прашања по истиот предмет.

По изборот на насловен доцент, од 2008 година до 2010 година учествува и во изведувањето на теоретската настава за студентите по предметот Претклиничка фиксна протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Како асистент и како насловен доцент е вклучена во изготвување на распоредот за изведување на теоретската и практичната настава на студентите на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Ментор е на три студентски теми презентирани на конгресите на студентите по стоматологија.

Како специјалист по предметот Стоматолошка протетика и како насловен доцент, во секојдневната стоматолошка пракса е со постојан стручен, теоретски и практичен контакт со колегите кои го поминуваат стручниот стаж на Клиниката за стоматолошка фиксна

протетика при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје.

*Научноистражувачка и стручно-апликативна дејност*

Д-р Весна Коруноска-Стевковска својот здравствен, научен и едукативен процес го започнува како клинички лекар на Клиниката за стоматолошка фиксна протетика. Своите стручни и научни истражувања особено ги насочува кон проблематиката од обласста на оклузијата.

Кандидатката учествува, активно и пасивно, на повеќе конгреси и постедукативни семинари, во земјава и во странство. Има објавени трудови со оригинални научни резултати, во научно-стручни списанија; во зборник од трудови од научен стручен собир во Дојран 1991 година, во Охрид 1994 година, во Софија, Бугарија 1996 година, во Охрид 1998 година. Учеството на д-р Весна Коруноска-Стевковска на научно/стручни собири со меѓународен уредувачки одбор е во Белград 1997 и 2005 година, во Истанбул 1999 година, во Охрид 2002, 2004, 2006 и 2009 година и Порторож 2010 година.

Активно учествува со пленарни презентации на секциони предавања од научен/стручен собир во Кавадарци 2005 година и во Скопје 2009 година.

Во ноември 1994 година престојува во Hanau, Германија, каде што присуствува на теоретско предавање и изведување на самостојна практична работа за фрез техника.

Паралелно со овие активности учествува во изведувањето на здравствената дејност на Клиниката за стоматолошка фиксна протетика при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон" во Скопје.

*Публикувани стручни и научни трудови*

1. **Присуство на Candida albicans во зависност од морфолошките варијации на Corpus linguae и pH на саливата.**
   **Накова М., Белазелковска З., Коруноска В.**
   Макед. стоматол. преглед, 1988:12 (3-4):116-120.
2. **Процена на квалитетот на отпечатокот од гингивалниот сулкус.**
   **Коруноска В., Симов Ѓ., Шабанов Е., Петкова Е., Ковачевска Г., Ивановски В.**
   VI Собир на стоматолозите од Македонија (апстракти), Дојран. 1991:108.
3. **Ретенција на вештачката коронка во зависност од наведнатоста на аксијалните површини.**
   **Ивановски В., Симов Ѓ., Шабанов Е., Петкова Е., Ковачевска Г., Коруноска В.**
   VI Собир на стоматолозите од Македонија (апстракти), Дојран. 1991:106.

Трудовите се рецензирани и објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр.565 од 1991 година.

4. **Скратување на времето на протетичко згрижување на заби со PAP.**
   **Ковачевска Г., Симов Ѓ., Шабанов Е., Петкова Е., Ивановски В., Коруноска В.**
   VI Собир на стоматолозите од Македонија (апстракти), Дојран. 1991:98.
5. **Хигиенски аспекти на фиксните протетички изработки во зависност од гингивалниот допир.**
   **Шабанов Е., Коруноска В., Ивановски В.**
   VI Собир на стоматолозите од Македонија (апстракти), Дојран. 1991:103.
6. **Примена на хелиоматеријалите во фиксната протетика за репаратура на фасети, коректура на боја на стари фасети и надградби.**
   **Мирчев Е., Бајевска Ј., Ивановски В., Коруноска В., Гачева С., Сотировиќ М., Фиљанска И.**
   Македонски стоматолошки преглед 18/1-2, 1994:67-70.
7. **Рендгенкраниометриска процена за промена на вертикалната димензија кај пациенти со тотални протези.**
   **Коруноска В.**
   (магистерски труд). 1993.

Трудовите се рецензирани и објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” бр.615 од 1994 година.

8. **Стари полнења под нови фикснопротетички конструкции.**
**Мирчев Е., Бајевска Ј., Ивановски В., Коруноска В., Гачева С., Сотировиќ М., Фиљанска И.**
1. Конгрес на стоматолозите од Македонија, апстракти. Охрид, Здружение на стоматолозите од Македонија. 1994:60.

9. **Квалитетот на препарацијата во пределот на демаркационата линија во зависност од претходно отворен или не отворен гингивален сулкус.**
**Коруноска В., Дуковска С.**
1. Конгрес на стоматолозите од Македонија, апстракти. Охрид:1994:67.

10. **Процена за промена на вертикалната димензија на оклузија во процесот на изработка на тотални протези.**
**Коруноска В., Богдановски И.**
17-ти Национален конгрес, апстракти, Софија, Бугарско национално стоматолошко друштво, 1996:128.

11. **Секционата техника како безбеден метод за подготвување на коренските канали за надградби.**
**Поповска Л., Коруноска В., Оџаклиевска С.**
2. Балкански стоматолошки конгрес, апстракти. Белград:1997:172.
Трудовите се рецензирани и објавени во Билтенот на Универзитетот „Св Кирил и Методиј” бр.692 од 1997 година..

12. **Rentgencraniometry evaluationfor changing of the vertical dimension of occlusion in the time of wearing the complete dentures.**
**Korunoska V., Bogdanovski I.**
2nd Congress of the Balkan Stomatological Society (book of Abstracts). Belgrade: Balkan Stomatological Society.1997:158.

13. **Рендгенкефалометриско одредување на меѓувиличните кај пациенти со со тотални протези.**
**Коруноска В.,Поп Стефанова –Трпоска М., Коруноска В.**
II конгрес на стоматолозите од Македонија (апстракти), Охрид:
Здружение на стоматолозите од Македонија, 1998:181.

14. **Фикснопротетички конструкции како избор во естетскиот третман на малоклузии**
**Гачева С., Коруноска В., Сотировиќ М.**
II кокгрес на стоматолозите од Македонија (апстракти), Охрид:
Здружение на стоматолозите од Македонија, 1998:223.

Трудовите се рецензирани и објавени во Билтенот на Универзитетот „Св Кирил и Методиј” бр.827 од 2003 година.

15. **Evaluation of the frontal apper teeth width for denture tooth selection.**
**Dejanoski K., Korunoska V., Gigovski N., Bogdanovski S.**
4rd Congress of the Balkan Stomatological Society (Proceedings),
Istanbul: Balkan Stomatological Society, 1999:236.
Трудот е рецензиран и објавен во Билтенот на Универзитетот „Св Кирил и Методиј” бр.758 од 2000 година.

16. **The presente of mercury in the saliva in single session application of several amalgam fillings.**
**Kovacevska I., Georgiev Z., Dimova C., Jovanovski S., Korunoska V.**
4rd Congress of the Balkan Stomatological Society (Proceedings),
Istanbul: Balkan Stomatological Society, 1999:294.
Трудот е рецензиран и објавен во Билтенот на Универзитетот „Св Кирил и Методиј” бр. 763 од 2000 година.

17. **Дали има превентива во фиксната протетика?**
**Мирчев Е., Коруноска В., Петровски Д.**

III конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (книга на апстракти). Охрид: 2002:89.

18. **Присутство на интерцептивни контакти кај пациенти со интактно забало.**
**Коруноска-Стевковска В., Мирчев Е.**
III конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (книга на апстракти). Охрид: 2002:195.

19. **Клинички приказ на максимална интеркуспидација.**
**Коруноска-Стевковска В., Мирчев Е.**
III конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (книга на апстракти). Охрид: 2002:195.

20. **T-Scan computerized analysis of maximal closure.**
**Korunoska-Stevkovska V.**
9th Congress of the Balkan Stomatological Society (book of Abstracts). Ohrid:Balkan Stomatological Society.2004:290.

21. **Clinical comparison of two occlusal registration methods in patients with fixed dental prosthesis.**
**Korunoska-Stevkovska V.**
10th Congress of the Balkan Stomatological Society (Abstract book). Belgrade: Balkan Journal of Stomatology. 2005:84.

22. **Воспоставување баланс на оклузалните контакти кај пациенти носители на фиксни конструкции.**
**Коруноска-Стевковска В., Мирчев Е.**
IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (зборник на апстракти). Охрид:2006:21.
Трудовите се рецензирани и објавени во Билтенот на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" бр.945 од 2008 година.

23. **T-Scan II компјутерска анализа на оклузални контакти кај пациенти со фикснопротетички изработки.**
**Коруноска-Стевковска В.**
(докторска дисертација).2007.
Трудот е рецензиран и објавен во Билтенот на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" бр.912 од 2007 година.

***За овој избор за рецензија ги приложи следниве трудови:***

24. **Компјутерска анализа на оклузалниот баланс кај пациенти со циркуларни мостови.**
**Коруноска-Стевковска В., Гиговски Н., Бајрактарова-Ваљакова Е.**
V-ти конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (книга на апстракти). Охрид:2009:39.

Авторите вршеле компјутерска анализа на оклузалниот баланс кај пациенти со циркуларни мостови. Забележувањето и анализата на оклузалните контакти ја извршиле со артикулациона хартија и T-Scann II компјутерски систем за време на пробата, по цементирање и шест месеци по цементирање на мостовите конструкции.

Анализата на оклузалните контакти ја направиле лево и десно од медијаната на: а) дистрибуцијата на забни контакти при максимална интеркуспидација; б) максималната кумулативна сила; в) интерцептивните контакти и г) центарот на сила.

Резултатите покажале дека нема статистички значајни разлики при анализа на оклузалните контакти лево и десно од медијаната при проба, по цементирање и шест месеци по цементирање на мостовите.

Трудот е со научен карактер.

25. **Ризик од воздушно-преносливи инфекции при стоматолошките инфекции.**
**Гиговски Н., Коруноска-Стевковска В.**
V-ти конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (книга на апстракти). Охрид:2009:40-41.

Во трудот авторите се осврнуваат на ризикот од воздушно преносливи инфекции на кои е изложен стоматологот при вршење на неговата професионална дејност. Наведени се најновите сознанија за инфекциите кои имаат аеротрансмисија, при што главниот акцент е насочен кон механизмите на трансферот.

Во вториот дел од трудот се наброени начините, мерките и препораките дадени од повеќе релевантни светски институции за заштита на стоматологот. Презентирани се и резултатите од истражувањата на повеќе автори за овој проблем.

Трудот има ревијален и информативен карактер.

26. **Ортодонтско-протетски третман на пациенти со експулзија на максиларни инцизиви**

**Поп-Стефанова-Трпоска М., Коруноска-Стевковска В.**

V-ти конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (книга на апстракти). Охрид:2009:69.

Трудот е рецензиран и објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр.992 од 2010 година.

27. **Influence of silane agent as porcelain surface treatment on the shear bond strength of composite resin to porcelain.**

**Bajraktarova-Valjakova E., Grozdanov A., Gigovski N., Stevkovska V., Nikolovska J., Misevski T.**

V$^{th}$ Macedonian Dental Congress with International Participation (Abstract book). Ohrid:2009:124.

Авторите на овој труд поставиле цел за евалуација на ефектот од аплицирањето на средството за силанизирање на порцеланската површина врз силата на смолкнување меѓу композитната смола и порцеланот. Овие средства се користат при репарација на фрактурирани порцелански фасети со композитни материјали.

Средството за силанизирање сигнификантно ја подобрува врската на композитот за порцеланот и авторите го препорачуваат како додатно средство за подготовка на порцеланската површина за успешно репарирање на порцеланските изработки.

Трудот е со стручен карактер.

28. **Cervical vertebra anatomy in patients with normal occlusion and class III malocclusion.**

**Pop Stefanova-Trposka M., Korunoska-Stevkovska V.**

86$^{th}$ Congress of the European Orthodontic Society (Abstract Book). Portorož:2010:88.

Трудот е рецензиран и објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр.992 од 2010 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По разгледувањето на поднесената документација и изнесените податоци во овој извештај, како и врз основа на личното познавање на кандидатката, Комисијата смета дека кандидатката д-р Весна Коруноска-Стефковска поседува стручни и наставно-научни квалитети, исполнувајќи ги притоа условите за избор на наставник во насловно звање, насловен доцент од наставното-научното подрачје стоматологија.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки **да ја избере д-р Весна Коруноска-Стефковска во насловен доцент по наставното-научното подрачје *стоматологија.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Драгољуб Велески-претседател, с.р.**
**Доц. д-р Цена Димова-член, с.р.**
**Доц. д-р Никола Гиговски-член, с.р.**

**П Р И Л О Г**
**Табела за вреднување на активностите на насл. доц. д-р Весна Коруноска-Стевковска, доктор на стоматолошки науки од областа стоматолошка протетика, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за периодот од 2006 до 2010 година**

| Ред. број | Наставно-образовна дејност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)**<br>**Претклиничка фиксна протетика 2008/2009 год. V сем. 1 час**<br>**Претклиничка фиксна протетика 2009/2010 год. V сем. 1 час** | 2 | 1,5 x2 | 6 |
| 2. | **Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)** | | 0,2 | |
| | Претклиничка фиксна протетика (студенти) 2006/2007 год. V и VI сем., 3 часа x 2 групи x 2 семестра | 12 | | |
| | Клиничка фиксна протетика (студенти) 2006/2007 год., X и XI сем. 6 часа x 2 групи x 2 семестри | 24 | | |
| | Претклиничка фиксна протетика (студенти) 2007/2008 год., V и VI сем., 3 часа x 2 групи x 2 семестра | 12 | | |
| | Клиничка фиксна протетика (студенти) 2007/2008 год., X и XI сем. 6 часа x 2 групи x 2 семестри | 24 | | |
| | Претклиничка фиксна протетика (студенти) 2008/2009 год.,V и VI сем., 3 часа x 2 групи x 2 семестра | 12 | | |
| | Клиничка фиксна протетика (студенти) 2008/2009 год., X и XI сем. 6 часа x 2 групи x 2 семестри | 24 | | |
| | Претклиничка фиксна протетика (студенти) 2009/2010 год., Vсем. 3 часа x 2 групи | 6 | | |
| | Клиничка фиксна протетика (студенти) 2009/2010 год., IX сем.,6 часа x 2 групи | 12 | | |
| | Технологија на фиксни протези (коронки) 2006/2007 год. II сем. 12часа x 1 група | 12 | | |
| | Технологија на фиксни протези (мостови) 2006/2007 год. III сем. 12 часа x 1група | 12 | | |
| | Технологија на фиксни протези (коронки) 2007/2008 год. II сем. 12 часа x 1група | 12 | | |
| | Технологија на фиксни протези (мостови) 2007/2008 год. III сем. 12 часа x 1група | 12 | | |
| | Технологија на фиксни протези (коронки) 2008/2009 год. II сем. 12 часа x 1група | 12 | | |
| | Технологија на фиксни протези (мостови) 2008/2009 год. III сем. 12 часа x 1 група | 12 | | |
| | Стоматолошка керамика 2006/2007год. V сем. 4 часа x 1група, VI сем. 6 часа x 1група | 10 | | |
| | Стоматолошка керамика 2007/2008год. V сем. 4 часа x 1група, VI сем. 6 часа x 1група | 10 | | |
| | Стоматолошка керамика 2008/2009год. V сем. 4 часа x 1група, VI сем. 6 часа x 1група | 10 | | |
| | Заботехнички апарати и инструменти 2006/2007год. II сем. 2 часа x 1група | 2 | | |
| | Заботехнички апарати и инструменти 2007/2008год. II сем. 2 часа x 1група | 2 | | |
| | Заботехнички апарати и инструменти 2008/2009год. II сем. 2 часа x 1група | 2 | | |
| | Технологија на фиксни протези (мостови) 2009/2010год. IIIсем. 12 часа x 1група | 12 | | |
| | Стоматолошка керамика 2009/2010год. V сем. 4 часа x 1група | 4 | | |
| | **Вкупно:** | **412** | **0,2** | **82,4** |

| Ред. број | Научноистражувачка дејност | Бодови | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови во научен собир:**<br>**22.Воспоставување баланс на оклузалните контакти кај пациенти носители на фиксни конструкции.**<br>**Коруноска-Стевковска В., Мирчев Е.**<br>IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (зборник на апстракти). Охрид:2006:21.<br>**24.Компјутерска анализа на оклузалниот баланс кај пациенти со циркуларни мостови.**<br>**Коруноска-Стевковска В., Гиговски Н., Бајрактарова-Ваљакова Е.**<br>V-ти конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (книга на апстракти). Охрид:2009:39.<br>**25.Ризик од воздушно-преносливи инфекции при стоматолошките инфекции.**<br>**Гиговски Н., Коруноска-Стевковска В.**<br>V-ти конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (книга на апстракти). Охрид:2009:40-41.<br>**26.Ортодонтско-протетски третман на пациенти со експулзија на максиларни инцизиви**<br>**Поп-Стефанова-Трпоска М., Коруноска-Стевковска В.**<br>V-ти конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (книга на апстракти). Охрид:2009:69.<br>**27.Influence of silane agent as porcelain surface treatment on the shear bond strength of composite resin to porcelain.**<br>**Bajraktarova-Valjakova E., Grozdanov A., Gigovski N., Stevkovska V., Nikolovska J., Misevski T.**<br>V$^{th}$ Macedonian Dental Congress with International Participation (Abstract book). Ohrid:2009:124.<br>**28.Cervical vertebra anatomy in patients with normal occlusion and class III malocclusion.**<br>**Pop Stefanova-Trposka M., Korunoska-Stevkovska V.**<br>86$^{th}$ Congress of the European Orthodontic Society (Abstract Book). Portorož:2010:88. | 6 | 2 | **12** |
| 2. | **Одбранета докторска теза**<br>**23.T-Scan II компјутерска анализа на оклузални контакти кај пациенти со фикснопротетички изработки.**<br>**Коруноска-Стевковска В.**<br>(докторска дисертација).2007. | **8** | | **8** |
| | **Вкупно:** | | | **20** |

| Ред. број | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Бодови | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Пленарно предавање на научен собир**<br>**29. Маркирачки техники на оклузалните контакти кај забите**<br>**Коруноска – Стевковска В.**<br>Собир на Здружение на специјалисти по стоматолошка протетика, Кавадарци 2006.<br>**30.Оклузија – значаен фактор за успешна изработка на фиксно-протетички конструкции**<br>**Коруноска – Стевковска В.**<br>Собир на Здружение на специјалисти по стоматолошка протетика, Скопје, АРМ:2009. | 2 | 4 | 8 |
| **2.** | **Стручни награди и признанија**<br>**ПОФАЛНИЦА**<br>**Стоматолошки факултет- Скопје**<br>**По повод јубилејот 50 години постоење, 2009** | 1 | 3 | 3 |
| | **Вкупно:** | | | **11** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно:** | **113,4** |